РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-329/6
28-05-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18 - седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-2110/1 од 31.07.2024 година против службените лица ------------, ВД Директор на ---------------, ----------------, ВД Директор на ------------- и -----------, член на Совет на Општина --------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата делумно се потврдуваат, констатирана е повреда на член 44 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето -------------, по што по спроведена постапка за порамнување за констатираниот прекршок и поради постапување од страна на службеното лице, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2110/1 од 31.07.2024 година е оформен по пријава од непознат подносител со наводи за кумулација на функции кај лицата: -----------, кој покрај функцијата Претседател на совет на Општина ------------- е назначен за ВД Директор на ------------, потоа --------------, која покрај функцијата член на Совет на Општина ----------- е назначена и на функцијата ВД Директор на --------------, како и членот на Совет на Општина ------------, ---------------- бил назначен за раководител на --------------------.
На ден 08.08.2024 година престигната е дополнителна анонимна пријава која се однесува за истите службени лица, при што во делот од пријавата кој се однесува за лицето -------------- е наведено дека лицето покрај тоа што е член на Совет на Општина ------------, истиот е и Раководител на ЈП ------------------ , подружница -------------------.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на останатите наводите во пријавата, ДКСК се обрати соодветните институции и врз основа на прибавената документација се утврди следново:

Службеното лице ------------- било избрано на функцијата Претседател на Совет на Општина ------------, со Решение за избор на Претседател на Советот на Општина -------------------со бр. 09-1692/1 од 15.11.2021 година. Понатаму со Решение за именување на вршител на должност со бр. 11-5941/1 од 22.07.2024 година, видно од Историјатот --------------------, добиен од Дистрибутивниот центар на Централен регистер на РСМ, наведеното лице е именувано и на функцијата ВД Директор на -----------------------.

Со вака констатирана фактичка состојба ДКСК утврди дека од страна на лицето ---------- е сторена повреда на член 44 став (4) од ЗСКСИ, што претставува прекршок казнив со член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон, по што согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците, ДКСК спроведе постапка за порамнување против наведеното лице со доставување на Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог.

Службеното лице -------------- на ден 18.12.2024 со допис заведен со бр.09-2110/11 достави доказ за уплата на глоба по изречен прекршок. Понатаму, согласно Решение за констатирање престанок на мандат на член на Совет на Општина -------------со бр.09-153/1 од 22.01.2025 година на лицето ----------- му престанал мандатот член на Совет на Општина ------------ по негова оставка. Наведеното лице во моментот извршува една функција, ВД Директор на -------------.

Понатаму, по однос за наводите за кумулација на функции кај лицето ------------- е констатирано дека наведеното лице извршува само една функција, ВД Директор на ------------.

Лицето -------------- поднела оставка од функцијата член на Совет на Општина ----------- поради донесување на Одлука од -------------- за нејзино именување на функцијата ВД Директор на ---------------- со бр. 14-6504/1 од 24.07.2024 година. Поради тоа, Советот на Општина ------------ донел Решение за констатирање на престанок на мандат на членот на совет со бр. 09-1037/1 од 29.08.2024 година, сметано од 24.07.2024 година, како ден на именување за ВД Директор на ----------------. Ова Решение било објавено во „Службен Весник на општина -------------“ со бр.13/24 од 04.09.2024 година.

По однос на наводите за кумулација на функции за лицето -----------, е утврдено дека наведеното лице извршува само една функција, односно член на Совет на Општина ---------.

Лицето со Одлука за именување на Раководител – директор на подружница ----------------, донесена од ВД Директорот на ЈП -------------, е именувано за раководител – директор на подружница. Согласно Правилникот за систематизација на работни места во ЈП „---------------, Раководителите на подружница на ЈП ----------- влегуваат во група I административни службеници, раководно ниво II, односно не се избрани или именувани лица согласно член 8 став 1 од ЗСКСИ.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со тоа е исцрпено постапувањето на ДКСК во овој предмет и нема елементи за натамошно постапување, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: З.Б – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk